Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-39/1
12 01 2026 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019), Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со седиште на Бул. Гоце Делчев бр 9б, Скопје, телефон 3117-244 e-mail praven@pf.ukim.edu.mk, и овластено службено лице Александар Јордев, Раководител на одделение за студентски прашања, правни и општи работи го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2025 до 31.12.2025)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
2. Број на примени барања вкупно 30 (триесет);
3. Број на позитивно одговорени барања вкупно 6 (шест);
4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање вкупно 24 (дваесет и четири):
   - Еден барател во многу краток рок поднесе 22 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, без при тоа да се наведе јасна поврзаност со конкретен јавен интерес, при што дел од нив не се однесуваа на функционирањето на институцијата, трошењето на јавни средства или други аспекти од јавен карактер, туку се ограничени на неговата индивидуална академска или истражувачка активност. Таквиот вид барања не спаѓа во опсегот на информации од јавен карактер според значењето на Законот и обработката би барала пренасочување на голем дел од човечките ресурси и би го загрозила редовното извршување на другите законски задачи на факултетот;
   - Две (2) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер првично беа одбиени, но по жалба на барателите и решение на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, тие беа повторно разгледани и на крајот добија позитивен одговор;
5. Број на неодговорени барања нема;
6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) 2 (две):
   - Агенцијата укажа дека се бараат податоци од образовен аспект, односно година на запишување, завршување на студии и просечна оценка на судија, што во конкретниот случај станува збор за физичко лице избран функционер за вршење на јавна функција во државен орган, за што бараните податоци не треба да претставуваат исклучок од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку истите треба да бидат доставени до барателот на информациите.
   - Агенцијата укажа дека согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е утврдено дека: „информацијата од јавен карактер не е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности“. При тоа имателот на информации не е должен да креира нова информација за да ги задоволи барањата на

барателот, доколку не ја создал или не располага со бараната информација, а ниту има сознанија кој друг имател на информации би можел да ја даде бараната информација;

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата 2 (две);
8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата 2 (две);
9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање нема;
10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање нема.

Скопје, 12.01.2026 година

Универзитет Св. Кирил и Методиј“ Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Александар Јордев – службено лице

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет Јустинијан Први * Скопје
Република Северна Македонија